ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ
ХИДРОСИСТЕМ "ЗЛЕТОВИЦА" - ПРОБИШТИП

ул. "Цветко Тонев " број 3А - Пробиштип, 2210
телефон: ++ 389 (32) 481-520
е-пошта: contact@hszletovica.com.mk
web: www.hszletovica.com.mk
ЕМБС: 5532515

02-701/48
25.12.24

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА СО АКЦИСКИ ПЛАН

## АНАЛИЗА, ЦЕЛИ И СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

за 2025 година



ЈП ХС ЗЛЕТОВИЦА - ПРОБИШТИП
2024 година

**Антикорупциски план**
**Програма на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип**

***Предговор***

- **Корупција** претставува најголема закана за владеењето на правото, демократијата и човековите права, чесноста и социјалната правда
- **Корупцијата** е инхерентна и неизбежна појава во сите општества низ целата човекова историја
- **Корупцијата** има негативно влијание врз севкупниот живот и последиците од неа особено се одразуваат врз економскиот развој на земјата
- **Корупцијата** ги намалува приходите од даноците, ги зголемува трошоците за јавни услуги, ја искривува распределбата на ресурсите во приватниот сектор
- **Корупцијата** во секое општество врши ерозија на институционалните капацитети на Владата, го поткопува легитимитетот на државните институции, со што се намалуваат демократските вредности - довербата и толеранцијата
- **Корупцијата** е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност или државно уредување. Затоа, земјите ширум светот постојано вложуваат напори за да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините подривачки влијанија врз граѓаните. Не само што го нарушува процесот на носење одлуки, дотолку повеќе, корупцијата навлегува во сите пори на општествениот развој. Имено, социјалните, правните и економските сегменти на развојот се меѓусебно поврзани, па затоа појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати.

Како одговор на овој предизвик, Владата на РСМ на својата 69-та одржана седница бр.40-17/69 од 11 Мај 2021 година ги задолжи, помеѓу другите и Јавните претпријатија да изготват Годишен план за спречување со корупција и истиот да го објават на своите веб страни. Како резултат на погоренаведеното ЈП ХС Злетовица секоја година изготвува свој Антикорупциски план, и го изготви својот Антикорупциски план и за наредната 2025 година:

**Антикорупциски план - Програма на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип**

**Содржина**


- Листа на поими
- Вовед
- За ЈП ХС Злетовица
- Мисија
- Визија
- Надлежности
- Закони и подзаконски акти
- Стратегии и планови
- Други релевантни документи
- Цели
- Анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето
- Акциски план за 2025 година
- Улоги, одговорности, процес на следење и мониторинг

## ❖ Листа на поими

- **Службено лице** - сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор
- **Корист** - остварување на секој вид материјална или нематеријална корист, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.
- **Ризик од корупција** - кој било вид на внатрешна или надворешна **слабост или постапка** која претставува можност за појава на корупција во рамките на институциите од јавниот сектор.
- **Интегритет** - законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои одговорните лица и вработените го чуваат својот углед и угледот на институцијата.
- **Корупција**
  Законот за спречување судир на интереси ја дефинира **корупцијата** како "злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг".
- **Судир на интереси** - состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.
- **Пасивна корупција** - **намерно делување на службено лице**, кое директно или преку посредник, **бара или прима** корист од каков било вид, **за себе или за трето лице** или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и
- **Активна корупција** - **намерно делување на кое било лице** кое директно или преку посредник, **ветува или дава** корист од каков било вид **на службено лице**, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Форми на корупција**

- Злоупотреба на службена должност
- Поткуп
- Тргување со влијание
- Користење на службени добра за лични потреби
- Судир на интереси
- Изнуда
- Непотизам
- Кронизам
- Само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма)

**Начела**

**Начело на законитост**

- Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и со законите
- Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице
- Никој не може да биде повикан на одговорност за корупција освен во случаите и условите предвидени со законите и во постапката пропишана со закон.

**Начело на интергитет**

- Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност **да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.**
- **Службеното лице** во извршувањето на јавните овластувања и должности **е должно да ги почитува начелото** на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
- Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

**Начело на еднаквост**

- Секој има право на **еднаков пристап кон вршењето на работи** од јавен интерес и право на **еднакво постапување од страна на носителите на власта** и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности.
- Секој има право на **слободно настапување на пазарот** и на слободен натпревар, без страв дека може да биде жртва на монополско или дискриминаторско однесување.
- Секој **има право да спречи или пријави корупција** или извршување, односно пропуштање на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.

**Начело на јавност**

- Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и **подложни на јавна контрола.**

- Никој **не може** да се повика на примена на закон или друг пропис со кој ќе се ограничи или **исклучи јавноста** за да се прикрие корупција или судир на интереси.

**Начело на заштита и одговорност**

- Секој има **право да пријави** сомневање или сознание за корупција и **да биде заштитен** согласно со закон.
- Секој кој е оштетен со коруптивно дело има право да бара **надоместок на штета** и изгубена добивка, според принципите на солидарна одговорност од страна на сторителот на корупцијата, како и од правното лице во кое сторителот вршел функција или должност во времето на извршување на делото.

**Што е ризик од корупција?**

- **Ризик од корупција** е кој било вид на внатрешна или надворешна **слабост или процес** кој може да претставува можност за појава на корупција во рамките на институтициите од јавниот сектор, кој ги вклучува следните прашања:
  *судир на интереси, некомпактибилност на функциите, примање на подароци и други нелегални плаќања, лобирање, заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.*

**Ризик од корупција и фактор на ризик од корупција**

- "**Ризикот** претставува ефект од неизвесноста врз целите" односно "Ризикот е можност да се случи нешто што ќе има влијание врз целите".
- Под "**Фактор на ризик од корупција**" се подразбира сѐ што може да биде "**прозор**" за корупција, односно сѐ што може да поттикне вршење и толерирање на корупција. **Ризикот од корупција треба да се разбере како поширока категорија зашто може да биде производ од повеќе фактори на ризик.**

**Непотизам**: Во најширока смисла, се дефинира како "влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки за вработување и склучување на јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање на дозволи)"

**Кронизам**: Најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која било инстанца кога се практикуваат дискреционите права.

**Клиентелизам:** Давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови.

## ❖ Вовед

Како резултат на заложбите на Владата на Република С. Македонија во борбата против корупцијата, ЈП ХС Злетовица ја изработи оваа Антикорупциски програма, која има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, да придонесе кон нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава.
Составен дел на оваа програма е Акциски план во кој се утврдени мерки и активностите кои ЈП ХС Злетовица ќе ги преземе во претстојниот период во однос на сите претходно идентификувани области, со цел да ги минимизира ризиците, да се справи со предизвиците и да ги отстрани слабостите, за да биде што подобар партнер и сојузник во борбата против корупцијата и тоа преку точно утврдена динамика, одговорности и начин на известување.

Дополнително во овој документ е даден краток осврт на профилот на Јавното претпријатие, неговите цели, надлежности, изготвени закони и останати документи, како и целите за кои е изготвен документот. Понатаму, документот содржи и Анализа за ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работењето, која всушност претставува наративен опис на моментална состојба и алатка за идентификување на предизвиците и слабостите. Главен фокус во Антикорупциската програма со Акциски план на ЈП ХС Злетовица се става на два клучни аспекта:

- **Што може ЈП ХС Злетовица да направи на регионално ниво** за спречување на корупцијата во однос на дејноста од јавен интерес **(екстерен аспект)**
- **Кои мерки треба да ги преземе ЈП ХС Злетовица за да превенира и спречи корупција одвнатре**, во самата институција? **(интерен аспект)**

**Во однос на првиот аспект,**

- Исполнување на барањата и надминување на очекувањата на корисниците на нашите услуги и заинтересираните страни како и воспоставување на професионален однос со добавувачите и заинтересираните страни и исполнување на договорените рокови.

- Се води грижа за спречување на корупција и судир на интереси со корисниците на нашите услуги како и со добавувачите, како и зајакнување на интегритетот на институцијата, посебно се дава акцент на корисниците, односно физичките и правните субјекти кои имаат склучено договори за користење на сирова вода од ЈП ХС Злетовица.

**Во однос на вториот аспект,**

- ЈП ХС Злетовица ја изготви оваа Антикорупциска програма со Акциски план, кои ќе бидат водич за понатамошните активности кои ЈП ХС ќе ги преземе за борба против корупцијата.

### ❖ За ЈП ХС Злетовица

ЈП ХС Злетовица е формирана во 2001 година од Владата на Р. Македонија за реализација на повеќенаменскиот проект хидросистем Злетовица со што ќе се овозможи целосно искористување на водениот потенцијал на Злетовска Река. ХС Злетовица поради својата сложеност и голема вредност е поделен во три фази за изградба, и тоа: Фаза 1 - водоснабдување, Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика. До сега е изградена само Фаза 1 - водоснабдување која се состои од зафатни градби и цевководи за водоснабдување и капиталниот објект брана Кнежево со придружните објекти. Во моментот се врши водоснабдување на општините Пробиштип, Штип и Свети Николе, додека во тек е изградба на нова филтерстаница со пристапен пат и распределителни цевководи во општина Карбинци, а се подготвува тендерска документација за изградба на филтерстаница со пристапен пат и распределителни цевководи во општина Лозово.



Со работата на јавното претпријатие раководи Директор кој се именува од Управниот Одбор (УО) на јавното претпријатие преку јавен конкурс, орган на управување е Управниот Одбор (УО) на јавното претпријатие составен од 7 члена, додека орган за контрола на материјално - финансиското работење е Надзорниот Одбор (НО) за контрола на материјално - финансиското работење составен од 3 члена.
Членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија.
Вработените во јавното претпријатие имаат статус на вработени во јавниот сектор и истите се јавни службеници и тоа: административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица.

**Мисија**

Мисијата, односно основната функција на ЈП ХС Злетовица е:

- осигурување на трајно и квалитетно извршување на основната дејност на водоснабдување со користење на сопствените технички и човечки потенцијали на принципот на одржлив развој и постојано следење на европските трендови на квалитет во оваа дејност
- одржување на сите објекти од ХС Злетовица во функционална способност со максимално почитување на заштита на животната средина и јавниот интерес на локалните заедници во кои дејствува претпријатието
- зајакнување на системот на деловна контрола истовремено почитувајќи ги европските стандарди за транспарентност
- постојана грижа за унапредување на работните услови на работниците како и соработката со сите корисници на услугите од претпријатието

**Визија**

Визија преставува достигнување на повисоки цели и стандарди во работењето кон кои ЈП ХС Злетовица треба да се стреми. Поради тоа потребно е визијата на различни начини да се имплементира во деловното работење, да се интегрира во секојдневните процедури на работа и најважно од се е да се запознаат сопствените работници и корисниците на услуги со истата. Токму поради ова визијата на ЈП ХС Злетовица е следнава:

- унапредување на континуирано давање на квалитетни услуги во водоснабдувањето преку развој и постојано унапредување на сопствените технички и човечки ресурси
- обезбедување на постојано надоградување на стручноста во работата на сите работници
- почитување на принципите на економичност, рационалност и експедитивност во работењето

**Надлежности**

ЈП ХС Злетовица има надлежност да врши дистрибуција на сирова вода до корисниците.

Основна, односно претежна дејност на Претпријатието според националната класификација на дејности во Република Македонија (НКД-Рев.2) е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода. Покрај основната дејност, Претпријатието во рамките на својот делокруг на работење врши и други дејности во согласност со закон и тоа:
01.41/1 - Искористување на водите во земјоделството
14.21 - Вадење на чакал и песок
40.00/4 - Производство на хидроелектрична енергија
45.24 - Изградба на хидроградежни објекти
74.20/2 - Проектирање
74.20/3 - Инженеринг

**Закони и подзаконски акти**

Како дел од својата работа и надлежности, ЈП ХС Злетовица е подлежна на повеќе закони и подзаконски акти:

- Закон за Јавните претпријатија
- Закон за водите
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Закон за административните службеници
- Закон за вработените во јавниот сектор
- Закон за градење
- Закон за работни односи
- Закон за животна средина
- Закон за плати
- Кодекс за однесување на административни службеници

**Стратегии и планови**

Како дел од своите надлежности, ЈП ХС Злетовица има развиено и повеќе стратегии и планови за унапредување на претпријатието.
Дел од стратегиите и плановите на ЈП ХС Злетовица:

- Бизнис план за утврдување на цената на сирова вода
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина од изградба на систем за наводнување и хидроелектрични централи во хидросистемот Злетовица
- Политика за квалитет

**Други релевантни документи**

1. **Квартални извештаи**
   - Квартални извештаи за финансиското работење на ЈП ХС Злетовица

2. **Годишни извештаи**
   - Годишна сметка на ЈП ХС Злетовица
   - Годишен план за јавни набавки на ЈП ХС Злетовица
   - Ревизорски извештаи

3. **Годишни програми**
   - Годишна инвестициона програма на ЈП ХС Злетовица
   - Среднорочна програма за работа (за 5 години)

4. **Информациони одлуки**
   - Одлука за избор на кандидати по јавен и интерен оглас за вработување
   - Одлука за назначување Лице за комуникација со граѓани кои што имаат одреден вид и степен на попреченост
   - Решение за определување службено лице за посредување со информации од јавен карактер
   - Решение за назначување овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување
   - Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за подрачјето на зафатите на Злетовска река, река Кучешка и акумулацијата Кнежево
   - Одлука за дополнување на одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за подрачјето на зафатите на Злетовска река, река Кучешка и акумулацијата Кнежево
   - Јавни и интерни огласи за вработување
   - Огласи за јавни набавки
   - Договори за јавни набавки на стоки, услуги и работи

**Цели**

Програмите и плановите за борба против корупцијата опфаќаат различни аспекти, од дефинирање на корупцијата до што секој вработен може да стори за да ги идентификува и управува етичките дилеми и ризикот од корупција. Овој Антикорупциски план-програма се фокусира на утврдување конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција. Таа претставува еден вид почетна анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето на ЈП ХС Злетовица, односно се труди да ги идентификува причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата, но едновремено преку акцискиот план се дава пресек на конкретно планирани активности и начинот на нивна операционализација со цел соодветна превенција и одговор на поставените цели во овој документ.

Имено, клучните проблеми и ризични фактори за појава на корупција и судир на интереси во Јавното претпријатие може да се поделат на четири групи и се однесуваат на:

- **Системски/надворешни фактори на ризикот од корупција,**
- **Институционални/организациски фактори на ризикот од корупција,**
- **Индивидуални/човечки фактори на ризикот од корупција,**
- **Фактори поврзани со оперативен процес во дадена област/сектор**

Имајќи ги во предвид горенаведените четири групи, овој Антикорупциски план-програма има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки и активности кои ќе овозможат превенција и борба со корупцијата како главен стратешки приоритет и да оствари неколку цели со кои значително ќе се намалат проблемите и ризичните фактори за појава на корупција и судир на интереси во Јавното претпријатие:

- зголемување на нивото на политичка одговорност и демонстрирана волја за борба против корупцијата
- јакнење на интегритетот и отчетноста на раководството и вработените во претпријатието, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет
- почитување на законските прописи и на Кодексот за административни службеници
- спроведување на надлежностите на претпријатието на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин
- проактивна транспарентност, зајакната контрола и надзор во јавните набавки и во склучувањето договори како и јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето

**Анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето**

Проблемите и мерките во Акцискиот план-програма на ЈП ХС Злетовица се систематизирани во следните области:

• **Вработени во претпријатието (службени лица)**

Непристрасни, ефикасни, ефективни службени лица, кои се независни од политичко влијание е еден од клучните делови во борбата против корупцијата. Службените лица мора да работат на принципите на етичност и интегритет, а нивните механизми за санкционирање на неетичкото и коруптивно однесување мора да се направат пофункционални. Јавната перцепција за независна, ефикасна, непристрасна администрација и вработени во јавниот сектор и довербата во истите е важен предуслов за успешноста на антикорупциската политика и доброто владеење на правото во земјата. Од друга страна, департизирана администрација и вработени во јавниот сектор, заснована врз заслуги е браникот во борбата против корупцијата. При вработувањето во јавниот сектор треба да се почитуваат сите процедури, а во законската рамка да се вклучат што повеќе мерливи критериуми и да се избегне дискреционата моќ. Оттука, ЈП ХС Злетовица редовно врши следење и анализа на примената на законските прописите во делот на вработените административни службеници, давтелите на услуги и помошно-техничките лица.

Службените лица во јавното претпријатие треба да ги применуваат етичките стандарди и вредности а тоа се: интегритетот, чесноста, непристрасноста, лојалноста доверливоста и почит кон луѓето. Сужбените лица може да придонесат за зголемување на довербата на граѓаните преку почитување на правото и етичките вредности во јавното претпријатие. Приватните односи не смее да имаат влијание во извршувањето на службените задачи и треба самите да се преиспитаат дали нивните приватни интереси или тие на нивните блиски лица се во судир со службените обврски.

Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести директорот во јавното претпријатие каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

Службеното лице не смее да користи јавна функција за да се здобие со било каква материјална или нематеријална корист или да се однесува на начин што покажува желба да се здобие со таквата корист. Само јасна поделба помеѓу личните интереси и службените должности гарантира слободно одлучување. Прифаќањето подароци и учеството во зделките или пак користење на влијанието од позиција на моќ, ја ограничува оваа слобода.

Службено лице во јавното претпријатие не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг. Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси забрането е влијание на претставник на извршната власт при постапки за вработување или унапредување на блиски лица во органот во кој е избран или именуван или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано.

Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести ДКСК за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен

орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување

Во претпријатието неопходно е зајакнување на капацитетите, па оттука ЈП ХС Злетовица со свој номиниран претставник е вклучена во Мрежата на човечки ресурси, преку која има можност за размена на искуства во делот на примената на законските и подзаконските акти. Преку Мрежата се работи на зајакнување на меѓуинституционална соработка и поддршка на институциите во јавниот сектор преку воведување прирачници, водичи, виртуелни обуки на квартално ниво и слично. ЈП ХС Злетовица преку Мрежата очекува да се обезбеди: надминување на недостатоците и поедноставување на процедурите во управувањето со човечките ресурси, поддршка на политиките за обезбедување еднакви можности на вработените во јавниот сектор и отворена и транспарентна комуникација. Воедно претпријатието преку Мрежата има за цел да оствари стручно усовршување и развој на човечките ресурси, а со тоа кај своите вработени да постигне професионално, компетентно и ефективно работење. Претпријатието овозможува континуирано следење на обуки за сите вработени.

Преку оценувањето на административните службеници и давателите на услуги, за што претпријатието се води од ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШНОТО ИНТЕРВЈУ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПОЛУГОДИШНО ИНТЕРВЈУ, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ СЛУЖБЕНИК, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО ИНСТИТУЦИИ СО ПОМАЛКУ ОД 20 АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ СО РАНГ ЛИСТА НА ГОДИШНИ ОЦЕНКИ И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ И НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ДРУГИ ОКОЛНОСТИ како и од ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВЊЕ НА ГОДИШНОТО ОЦЕНУВАЊЕ, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ СО РАНГ ЛИСТА НА ГОДИШНИ ОЦЕНКИ, СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ И НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕРКИТЕ ЗА ОДЛИЧЕН И СЛАБ УЧИНОК НА ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ ВО ЈП ХС ЗЛЕТОВИЦА се води мерење на квалитетот и учинокот на вработените врз основа на што се носи и одлука за нивно соодветно наградување, постои и ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМОТ НА НАГРАДУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП ХС ЗЛЕТОВИЦА со кој точно се прецизирани критериумите за наградување на вработените, исто така усвоен е и ПРАВИЛНИК за работниот ред и дисциплинска и материјална одговорност на вработените во ЈП ХС Злетовица, а се раководи и од Кодексот за административни службеници.
Со спроведување и имплементација во работењето преку овие Правилници се очекува да се подобри работењето на институцијата преку мобилизирање и фокусирање на работата на сите вработени, административните службеници, давателите на услуги и помошно техничките лица и да се намали можноста за нивно коруптивно однесување.

• **<u>Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и процесот за управување со јавните финансии</u>**

Преку процесот на јавни набавки во јавниот сектор, властите на национално и на локално ниво се под ризик од коруптивни практики заради остварување финансиски добивки. Затоа, со цел да се заштити јавниот интерес во ЈП ХС Злетовица, да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите, зголемување и зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, засилување на контролата врз спроведувањето

на јавните набавки, зголемување на ефикасноста во реализацијата на јавните набавки и зголемување на личниот интегритет на лицата вклучени во нивно спроведување.

При спроведувањето на јавните набавки јавното претпријатие ги почитува обврските кои произлегуваат од законските прописи во РСМ и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на РСМ, а дополнително ЈП ХС Злетовица има изработено Процедура за спроведување на Јавните набавки според која се раководи при спроведување на истите.

Согласно Процедура за спроведување на јавните набавки, донесена од Управниот одбор, за набавките под вредносните прагови од член 40 од Законот за јавните набавки Директорот, раководителите на сектор или одделение по претходно одобрување од Директорот, во зависност од предметот на набавка односно во случај кога се работи за набавка која може да ја изврши еден економски оператор, за набавка која тешко се наоѓа на пазарот, или е потребно да се изврши набавка на стоки кои се компатибилни на веќе постоечката опрема која ја има во јавното претпријатие, може да се изврши набавката без прибирање на претходни понуди. Но, по завршување на набавката Директорот го запознава Управниот одбор за набавката со конкретно образложение.

ЈП ХС Злетовица ревносно го води процесот на управување со финансии преку механизмите за буџетирање, распределба, трошење и отчетност. Со цел намалување на потенцијалните можности за корупција во процесот на буџетирање, заложбата на претпријатието се однесува во делот на креирање политики и подигнување на политичката волја за антикорупциските практики. Со цел избегнување на корупцијата во форма на политичко влијание при искористување на дискреционо право врз приоретизирање на одредени проекти или области при буџетирањето, во институцијата буџетирањето е отворен процес со активно учество на сите сектори. Буџетската распределба на ресурси и потенцијалниот ризик за лобирање врз носителите на одлуки е процес кој во голема мера зависи од интегритетот на чинителите во процесот, а не од административните практики. Трошењето на финансиските средства е најчест потенцијален извор на корупциски закани кои претпријатието се обидува да ги пресретне со стандардизирање на процесите за јавни набавки и зголемување на транспарентноста. Дополнително, внатрешната ревизија во ЈП ХС Злетовица е корективен механизам кој го помага континуираното подобрување на работните практики и ги намалува коруптивните закани. Отчетното управување со финансиите е од витално значење, а во таа насока претпријатието ја препознава потребата од ажурно споделување со јавноста на:

- Годишниот буџет на ЈП ХС Злетовица
- Годишниот план за јавни набавки на ЈП ХС Злетовица
- Извештаите за реализација на буџетите на ЈП ХС Злетовица
- Завршните сметки на ЈП ХС Злетовица

**• Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето поактивна транспарентност**

Во ера на голема достапност до различни извори на информации, како и на лесно достапни можности за пласирање информации или дезинформации, голема е можноста граѓаните да се здобијат со погрешни сознанија во однос на работата на институциите, како и во однос на корупцијата и она што таа го претставува. Ова може да резултира со поткопување на довербата на граѓаните во институциите, како и со помала можност да се идентификуваат и пријавуваат потенцијалните коруптивни практики. Затоа, со цел да се зајакне довербата на граѓаните кон институциите, ЈП ХС Злетовица обезбедува пристап и можност на целокупната јавност да има увид во неговото работење. Претпријатието го овозможува ова преку транспарентно и навремено објавување на информации за неговата работа преку користење релевантни канали за информирање, преку својата web страна и официјалната FB страна, локалните, регионалните и по потреба националните медиумски куќи. На официјалната web страна ќе биде објавен и овој план за спречување на корупцијата како и мерките кои ќе бидат предвидени да се превземат.

На овој начин, ЈП ХС Злетовица придонесува во борбата против корупцијата и помага во напорите за зголемување на свесноста на јавноста за корупцијата, земајќи предвид дека свесноста на јавноста за негативните ефекти на корупцијата е основен дел на која било ефективна стратегија за превенција на корупцијата. Со тоа, не само што ќе се споделуваат и обелоденуваат суштински информации за корупцијата, дотолку повеќе, на вработените и граѓаните им се дава импулс за да се охрабрат да пријавуваат коруптивни практики или појави.

Дополнително, во насока на поголема транспарентност и борба против лажни вести во однос на корупцијата, претпријатието ќе продолжи да ја одржува комуникацијата со јавноста, преку обезбедување навремени и релевантни информации за своето работење, со што ќе се стесни просторот за ширење дезинформации, а граѓаните постојано ќе бидат точно и навремено информирани.

## Табела со мерки

**1. Вработени во претпријатието (службени лица)**
Намалување на ризикот за корупција на вработените во однос на хоризонталните и вертикалните надлежности за креирање и имплементација на политиките за управување со човечките ресурси во претпријатието.

| РБ | Мерка | Активност | Носител/сектор/ назначено лице | Соработка/ Рок на реализација | Индикатор на исполнување/ Предуслови | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Вработувања базирани на систем на вредности и критериуми за квалитет | Вработувања согласно позитивните законски прописи и интерни акти.<br>Раководителите на сектори навремено да ја детектираат потребата од нови вработувања и унапредувања и писмено со детална анализа да дадат предлог до директорот, а истиот да биде проследен до одделението за човечки ресури и координаторот за упавување со ризик од корупција. | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси<br>Комисија за спроведување на оглас за спроведување | Втора половина на 2025, континуирано | Согласност од МЈА<br>Согласност од МФ | Да |
| 1.2 | Зголемување на платите на вработените бидејќи воглавно се под просечната нето плата исплатена во РСМ и некореспондираат со платите на вработени во исти или слични претпријатија, во ЈП ХС Злетовица се многу пониски. | Изработка на Анекс договори при евентуални покачувања на платите, измена и дополнување на актуелниот правилник<br>за исплата на плати во претпријатието | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси | Прва половина на 2025 | Согласност од МФ | Да |
| 1.3 | Јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура<br>на нетолерантност кон корупцијата | Спроведување на обуки за вработените во МЈА за јакнење на свеста | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси | Втора половина на 2025, континуирано | Усвојување на годишен план<br>за обуки од МИОА | Да |
| 1.4 | Почитување на кодексот за административни службеници, кодекс за етичко однесување | Запознавање на вработените со кодексот и придобивките (доследно почитување) | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси | Со членовите на Мрежата<br>за управување со човечки ресурси<br>Континуирано | | Не |

**2. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и финансиско работење**
Трошењето на буџетските средства е најчест извор на корупциски закани

| РБ | Мерка | Активност | Носител/сектор/ назначено лице | Соработка/ Рок на реализација | Индикатор на исполнување/ Предуслови | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Контролата врз спроведувањето на јавните набавки | Анализа на јавните набавки од претходната финансиска година, со извештај за причините за евентуално нереализацијата и препораки за идните набавки | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси Одделение за јавни набавки | Со секторите и со работните групи назначени за реализација на проектите или тековните активности континуирано | | не |
| 2.2 | Зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки | Обука за јавни набавки за сите вработени вклучени во јавните набавки, како и лицата/членови во Комисии за јавни набавки | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси Академија за стручно усовршување на административните службеници | БЈН континуирано | | да |
| 2.3 | Зголемување на реализацијата на постапките планирани со Планот за јавни набавки | Спроведување на постапките за јавни набавки согласно временските рокови од Планот за јавни набавки | Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси Раководител на сектор за финансиско работење | континуирано | Процент на спроведени Јавни набавки/реализација | не |
| 2.4 | Спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации на постапките за јавни набавки | Поголема транспарентност при изработка на техничките спецификации преку претходна проверка на пазарот и спроведување на технички дијалог | Сите сектори во ЈП | континуирано | | не |
| | | Пријавување обид за влијание врз лицата кои ги подготвуваат Техничките спецификации на набавките доовластеното лице за пријави од укажувачи во ЈП ХС | Лицата кои ги подготвуваат Техничките спецификации на набавките | континуирано | | не |
| 2.5 | Спречување на влијание врз членовите на Комисиите за јавни набавки | Пријавување обид за влијание врз членовите на Комисиите за јавни набавки до овластеното лице за пријави од укажувачи во ЈП ХС | Сите назначени членови на Комисии за јавни набавки во ЈП ХС Злетовица | континуирано | | не |
| 2.6 | Подобрување на способноста за остварување на стратешките цели на ЈП ХС преку управување со заканите и можностите | Подготовка на Стратегија за управување со ризиците Подготовка на Регистар на ризици | Сектор за финансиско работење | континуирано втора половина на 2025 | | не |
| 2.7 | Објавување на извештаи на ЈП ХС Злетовица за постапување по наодите на независна ревизорска куќа | Анализа на наоди и препораки од ревизорската куќа Приоритизација и постапување по наоди од ревизорската куќа | Сектор за финансиско работење Сектор за општи правни работи и човечки ресурси Технички сектор | континуирано | | не |
| 2.8 | Контролирање на Јавните набавки под вредносните прагови од член 40 од Законот за јавните набавки | Известување на раководителите на сектори за конкретната јавна набавка | Сектор за финансиско работење Сектор за општи правни работи и човечки ресурси Технички сектор Лице овластено за јавните набавки | континуирано | | не |
| 2.9 | Унапредено и транспарентно Финансиско-сметководствено работење | Објавување на web на планот за јавни набавки; линковите до објавите на ЕСЈН на огласите за јавни набавки и тендерски документации; Известувањата за склучен договор и за реализација на договорите како и самите договори за јавни набавки и нивните анекси | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси Овластено лице за јавни набавки | континуирано | | не |
| | | Споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки | Сектор за финансиско работење Сектор за општи правни работи и човечки рсеурси | континуирано | | не |

**3. Поактивна транспарентност**

Транспарентно и навремено објавување суштински информации ја зголемуваат довербата на граѓаните во работата на институцијата, како и заложбите кои институцијата ги презема за да превенира коруптивни практики. Со тоа, на службениците и граѓаните им се дава импулс за да се охрабрат да пријавуваат коруптивни практики или појави.

| РБ | Мерка | Активност | Носител/сектор/ назначено лице | Соработка/ Рок на реализација | Индикатор на исполнување/ Предуслови | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Воведување и објавување на регистар на имот во сопственост ЈП ХС Злетовица | Анализа, попис и објава на движен имот на ЈП ХС<br>Анализа, попис и објава на недвижен имот на ЈП ХС | Сектор за финансиско работење<br>Сектор за општи правни работи и човечки ресурси | втора половина на 2025<br>континуирано | | не |
| 3.2 | Зголемување на институционалната транспарентност | Објавување на информациите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси лице за слободен пристап до информации од јавен карактер | континуирано | | не |
| 3.3 | Онлајн-кампања за борба против корупцијата (ФБ профил/социјалните мрежи) | Објава на ФБ профилот на ЈП ХС Злетовица при што ќе бидат опфатени кратки и концизни дефиниции за поимите содржани во овој документ | Сектор за општи правни работи и човечки ресурси | континуирано | | не |

## ❖ Улоги, одговорности, процес на следење и мониторинг

За ефективна и ефикасна борба со корупција, институциите треба да имаат и ефикасни и ефективни механизми за управување со процесот на следење и мониторинг на состојбата со корупцијата, како и за состојбите во однос на судир на интереси, интегритет и примање подароци, како аспекти кои се во директна врска со корупцијата. За таа цел, ЈП ХС Злетовица има назначено Координатор за упавување со ризик, примање подароци и судир на интереси, чии податоци се јавно достапни на веб-страницата на претпријатието.

Секој раководител на сектор е истовремено и Менаџер за ризик, тој го проверува нивото и видовите на ризик идентификувани од оперативниот кадар, ги прибира информациите за проценка на ризикот, доставува годишен извештај до Координатор за упавување со ризик, примање подароци и судир на интереси, со цел да се има постојан увид и да се следи состојбата во претпријатието во однос на овие аспекти, односно Антикорупцискиот план. Дополнително на ова, во претпријатието секоја година ќе се врши ревизија со цел објективно проверување информации и потврдување на нивната точност или потенцијална интервенција, односно корекција на одредени аспекти.

Преку овие механизми, меѓу другите, во ЈП ХС Злетовица се обезбедува ефикасен и ефективен процес на следење и мониторинг, се овозможува навремена детекција на недостатоци, доколку ги има, а дополнително, се минимизира потенцијалот за појава на судир на интереси и за примање подароци и се обезбедува начин на работење во кое се отсликува интегритет и професионализам.

Оваа антикорупциска програма со акцискиот план влегува во сила од денот на донесување од страна на УО на ЈП ХС Злетовица, а ќе се објави на веб страницата на ЈП.

Изработил:
Раководител на сектор за општи,
правни работи и човечки ресурси
Маја Стојчева

Контролирал/Одобрил:
в.д.Заменик директор
м-р Игор Манасов

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски